483

СНК

Дел. број: 02-1/145
Датум: 02.12.2024 година
Број на страници: 3

Врз основа на член 57, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), како и Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија 2024-2028 бр. 01-2053/1 од 27.05.2024 година, министерот за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ
## за формирање на работна група за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија 2024-2028 година

1. Предмет

1.1. Со ова Решение се определуваат координатор, заменици на координаторот и членови на работна група за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, 2024-2028 година, како и нивните задолженија.

1.2. Целта на работната група од точка 1.1. е да го организира, следи и поддржува процесот на спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија 2024-2028 година.

2. Носител, координатор, заменик координатор и членови:

2.1. За координатор на работната група за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија 2024-2028 година се определува Ирена Станковска, по овластување на министерот Раководител на Секторот за човечки ресурси.

2.2. За заменици на координаторот се определуваат Габриела Калкова, Посебен советник во Кабинетот на министерот за одбрана и проф.д-р. Билјана Каровска Андоновска од Воена Академија.

2.3. За членови на работната група се определуваат:

- Билјана Стевкова, Сектор за човечки ресурси;
- Миневере Лесковица, Сектор за човечки ресурси;
- Татјана Атанасовска, Сектор за човечки ресурси;
- цивилно лице Владимир Трпковски, Сектор за човечки ресурси
- Влатко Рафески, Сектор за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување;
- потполковник Страшо Стојчевски, Сектор за меѓународна соработка;
- потполковник Александра Доневска, ВП 2803/1 Скопје;

- потполковник Ристе Петровски, ВП 2803/14;
- потполковник Синиша Лозаноски, ВП 2803/14 Скопје;
- капетан Зорица Здравковска-Николова, ВП 2803/14 Скопје,;
- цивилно лице Јулијана Ристески, ВП 2990 Скопје.

2.4. За административно-техничка поддршка на работната група се определува Марија Јанкова од Сектор за поддршка на министерот.

3. Задолженија

3.1. Се задолжуваат координаторот и замениците на координаторот да ги преземат следните активности:
- да ја координираат работата на работната група;
- да го координираат процесот на изработка на годишни планови за работа на работната група;
- да соработуваат со меѓународни и граѓански организации;
- да соработуваат со сите организациони единици во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
- да го координираат процесот на следење, евалуација и анализа на спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост;
- на годишно ниво и по потреба да ги известуваат авторитетите во Министерството за резултатите од спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост;
- да иницираат формирање на дополнителни работни групи (тимови) за потребите на работната група, и
- да водат евиденција за активност на членовите на групата.

3.2. Се задолжува работната група од точка 2.3. да ги преземе следните активности:
- да земе активно учество во процесите потребни за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост;
- да изработи Годишни планови за работа;
- да даде поддршка на другите организациони единици во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија согласно потребите во исполнување на активностите/мерките предвидени во Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост;
- да учествува во следење, евалуација и анализа на спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост;
- да учествува во изработка на извештаи за степен на реализација на Акцискиот план на годишно ниво и по потреба;
- по потреба да изработува дополнителни интерни акти, насоки и друго согласно потребите за успешно спроведуање на предвидените активности/мерки во Акцискиот план унапредување на родовата еднаквост;
- по потреба да пристапи кон иницирање на постапка за измена или дополна на активностите/мерките согласно стратешките приоритети утврдени во Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост;

3.3. Сите организациони единици во Министерството за одбрана, Генералштабот, како и командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија, потребно е да соработуваат и да дадат придонес согласно барањата на координаторот за спроведување на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост 2024-2028 година.

3.4. Работната група да ги реализира наведените активности согласно предвидената временска рамка предвидена во Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија 2024-2028 година.

## 4. Извештаи

4.1 Се задолжуваат лицата од точка 2.1. и 2.2. да подготвуваат и доставуваат:

- годишни извештаи до министерот за одбрана, кои ќе ги опфатат сите аспекти на спроведувањето на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост, анализа на постигнатите резултати, идентификација на предизвиците, како и препораки за подобрување на имплементацијата на планот.

## 5. Право на додаток на плата

На лицата од точка 2 на ова решение, им следува додаток на плата согласно одредбите на Колективниот договор на Министерството за одбрана, само за периодот кога се преземаат активности утврдени со закон, подзаконски акт и ова решение..

## 6. Влегување во сила

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил: Марија Тренчиќ
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: Игор Павлески
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Доставено до:
- Кабинет на МО
- Кабинет на ЗМО
- Кабинет на НГШ
- Државен секретар
- Сите организациони единици во МО
- Воена академија
- Архива